***Република Македонија***

***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02 - 3110/2***
***19.03. 2007 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XII-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 19.03.2007 година во 12.00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател ;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член.*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен)*
- *Герасим Тренчески, началник на план и анализа (делумно присутен)*
- *Лидија Маркузанова, началник на одделение за човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Пред започнување на седницата, на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:*

- *Покана за дванаесетата седница;*
- *Записник од единаесетата седница на УО на ФЗОМ;*
- *Предлог - Одлука за утврдување на платата на директорот на ФЗОМ;*
- *Предлог - Одлука за утврдување на платата на заменик директорот на ФЗОМ*

*Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Ги извести членовите на УО дека седницата е закажана како итна заради потребата што побрзо висината на платата на директорот и неговиот заменик да се усогласи со заклучоците на Владата во врска со висината на платите на раководниот тим во институциите од јавниот сектор и за тоа да се извести Владата за првата наредна седница. Откако утврди дека на седницата присуствуваат сите членови на УО, го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XI седница на УО одржана на 14.03.2007 година;*

1. *Донесување на одлука за утврдување на платата на директорот на ФЗОМ;*

2. *Донесување на одлука за утврдување на платата на заменик директорот на ФЗОМ;*

3. *Разно.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложениот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XI седница на УО одржана на 14.03.2007 година;*

1. *Донесување на одлука за утврдување на платата на директорот на ФЗОМ;*

2. *Донесување на одлука за утврдување на платата на заменик директорот на ФЗОМ;*

3. *Разно.*

*Пред започнување со работата по дневниот ред, Љубиша Каранфиловски побара отсуството од XI седница на УО која се одржа како итна, за сите отсутни членови да се смета оправдано. Тоа оттаму што отсутните членови имале претходно*

*договорени обврски што не можеле да ги откажат по добиената покана за итна седница.*

*Во дискусијата го поддржаа Страшо Наумоски, Аљбон Џемаили и Трајче Леов наведувајќи дека итните седници треба да се сведат на најмала можна мерка зашто не им овозможуваат на членовите на УО темелно да се подготват за седницата. Разбираат дека понекогаш се неопходни, но со оглед на одговорната функција што ја извршува УО, потребно е навремено доставување на материјалите за седницата како би можеле членовите на УО да дадат конструктивен придонес во работата.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*- Усвојување на записникот од единаесетата седница на УО, одржана на 14.03.2007 година*

*Членовите на Управниот одбор, едногласно и без забелешки го усвоија записникот од единаесетата седница.*

***ТОЧКА 1** - Донесување на одлука за утврдување на платата на директорот на ФЗОМ*

*Помошникот на директорот Лазар Трајчев и Лидија Маркузанова го известија Управниот одбор дека од Комисијата за именување на Владата на Република Македонија е добиено барање висината на платата на директорот и на заменикот на директорот да се усогласат со заклучоците на Владата во врска со висината на платите на раководниот тим во институциите од јавниот сектор.*

*Со оглед дека во предлог одлуката платата е искажана во бодови, Страшо Наумоски и Трајче Леов побараа известување дали предложената висина значи намалување или зголемување на платата. Исто така побараа објаснување колку тоа ќе изнесува во денари.*

*Снежана Костадиноска Милошеска како претставник на Министерството за финансии објасни дека Владата има политика на ограничување на платите на директорите во јавните установи. Генерално, платите на директорите треба да се намалат. Дури се предвидени и санкции за директорите на оние установи кои нема да извршат усогласување во предвидениот рок. Владата очекува известување па оттаму и потребата оваа одлука итно да се донесе.*

*Маријана Лончар Велкова се согласи со овие согледувања и додаде дека со овие заклучоци на Владата покрај санкции се предвидени и стимулации за директорите на установите кои ќе работат успешно.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали со предложената висина, платата ќе биде во склад со заклучоците на Владата, на што доби потврден одговор од Лидија Маркузанова.*

*По оваа дискусија, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на платата на директорот на ФЗОМ***

***ТОЧКА 2*** *- Донесување на одлука за утврдување на платата на заменик директорот на ФЗОМ*

*Со оглед дека висината на платата на заменик директорот беше разгледана заедно со платата на директорот и на неа се однесуваат истите заклучоци на Владата на Република Македонија, Управниот одбор и по оваа точка едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на платата на заменик директорот на ФЗОМ***

***ТОЧКА 3 -*** *РАЗНО*

*Под точката разно од службата за план и анализа беше предложена за разгледување Анализата за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-декември 2006 година. Началникот на план и анализа Герасим Тренчески даде објаснување дека податоците се конечни, а анализата треба да биде објавена на веб страницата на Фондот.*

*Управниот одбор едногласно одлучи оваа точка да се разгледува на наредната седница на Управниот одбор а анализата да се објави на веб страницата на Фондот.*

*Управниот одбор заврши со работа во 12.50 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***